Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

# Годишен извештај

за 2025 година за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025 – 2028

Скопје, март 2026 година

## 1. ВОВЕД

Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акцискиот план 2025-2028 е усвоена на 90. седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8.7.2025 година. Визија на овој стратешки документ е поддршка на инклузивен, независен и професионален граѓански сектор, кој е партнер на институциите во креирањето и реализацијата на стратешките цели на државата, а мерките и активностите се систематизирани во две приоритетни области: Создавање на поволна средина за функционирање и развој на граѓанското општество и Зајакната соработка и партнерство меѓу граѓанските организации и јавните институции. Усвојувањето на овој стратешки документ има за цел да придонесе кон унапредување на правната рамка за дејствување на граѓанските организации и механизмите за соработка и структурирано учество во процесите на креирање и следење на јавните политики, како и кон подобрување на финансиската одржливост на граѓанските организации и околината во која се развива граѓанското општество.

Предмет на овој извештај е утврдување на напредокот во спроведувањето на Акцискиот план, преку постигнување на општите и посебните цели и реализираните активности предвидени во 2025 година. Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 содржи вкупно 32 активности, од кои 3 се планирани да се спроведат до крајот на 2025 година, 9 активности до 2026 година, 5 активности до 2027 година, а 15 активности до 2028 година. Извештајот е подготвен врз основа на анализа на податоци, информации и документи добиени од членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанското општество од министерствата, како и анализа на одговорите на 249 граѓански организации од online анкета спроведена во периодот 13.1.2026 - 30.1.2026 година, преку Прашалник за мерење на вредноста на показателите од Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028, во 2025 година, дистрибуиран до сите граѓански организации со статус „активен" (вкупно 9314) според Отворените податоци на Централниот регистар на Република Северна Македонија. Во извештајот се вклучени и податоците од анализа на одговорите од online анкетата спроведена во периодот 22.1.2026 - 28.1.2026 година, преку Прашалник за мерење на вредноста на показателот: Број на иницијативи/предлози од граѓански организации во секторските работни групи, дистрибуиран до одговорните лица за Секторските работни групи во ресорните министерства.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, како советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанското општество, има улога на координативно тело кое го следи спроведувањето на Стратегија и се залага планираните мерки и активности да се спроведат во консултации и соработка со граѓанските организации. Советот утврди позитивно мислење по Годишниот извештај за 2025 година за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 на 9. седница, одржана на 26.2.2026 година.

## 2. РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПО ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ

Создавањето на поволна средина за граѓанското општество да ги спроведува своите активности и зацврстување на соработката и партнерството меѓу граѓанските организации и јавните институции се важен предуслов за одржливост на реформите за пристапување во Европската Унија во приоритетните области како што се владеење на правото, борба против корупцијата, основните права и доброто управување.

Европската Комисија во Извештајот за Северна Македонија за 2025 година нотира дека: „Граѓанските организации (ГО) во Северна Македонија генерално работат севкупно во поволно опкружување. Владата донесе одлука за назначување членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Овој развој доведе до долгоочекуваната реактивација на Советот, во согласност со препораките на Комисијата. Погледнувајќи напред, Советот сега треба ефикасно да ја извршува својата улога. Владата треба да ги зголеми своите напори за да обезбеди вклученост на граѓанското општество во сите приоритетни области и во консултативните активности. Сè уште не се донесени потребните измени на постојните законски и финансиски рамки за обезбедување транспарентно јавно финансирање на граѓанските организации."

Во првата приоритетната област на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028, систематизирани се мерки и активности насочени кон создавање на поволна средина за функционирање и развој на граѓанското општество. Подготвен е Предлог-закон за здруженија и фондации, кој има за цел да одговори на проблемите што беа идентификувани во повеќе анализи и извештаи: отсуство на воедначен и стандардизиран пристап при обезбедување на државна финансиска поддршка на организациите, нефункционален статус на организации од јавен интерес, недоволно прецизно уредување на можноста за спроведување економски активности од страна на организациите, поттикнување на унапредување на правната, финансиската и институционалната околина во која работат организациите и недоволно разработени одредби кои се однесуваат на надзорот, внатрешниот надзор и постапката за решавање на спорови во рамки на организациите. Со Предлог-законот се предвидува стандардизирање на постапката, условите и критериумите за распределба на финансиската поддршка на граѓанските организации од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа, како и обезбедување буџетски средства за поддршка на граѓанските организации во вид на гарантен фонд, чија намена ќе биде финансиска поддршка на граѓански организации што аплицираат и се добитници на проекти од европски и други фондови, а за кои е потребен процент на учество, односно кофинансирање. На крајот на декември 2025 година Предлог-законот е објавен на ЕНЕР, а консултативниот процес со граѓанските организации продолжи во 2026 година, со јавни расправи во Гостивар, Битола, Штип и Скопје.

Во 2025 година продолжи усогласувањето на текстот на Предлог-законот за социјални претпријатија, кој има за цел да овозможи правно регулирање, воспоставување, поддршка и развој на социјалните претпријатија. На 10.02.2026 година новата верзија на предлог-законот е објавена за консултации на ЕНЕР.

Мерките и активностите од втората приоритетна област на Стратегијата се насочени кон зајакната соработка и партнерство меѓу граѓанските организации и јавните институции. Во 2025 година се реактивираше Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество како највисоко ниво на учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики - партнерство меѓу Владата и граѓанските организации. Советот одржа 7 седници, на кои беа разгледани актуелни прашања и јавни политики од значење за граѓанското општество.

Консултациите со засегнатите страни се неопходен и составен дел од процесот на проценка на влијанието на регулативата. За 2.8% е зголемен бројот на предлог-закони утврдени од Владата во 2025 година кои подлежат на проценка на влијанието и се објавени на ЕНЕР, споредено со 2024 година. Вкупниот број на коментари од засегнати страни е 199, од кои 10,1% се од граѓански организации, што е намалување за 3,3% споредено со 2024 година. Учеството на претставници на граѓански организации во работни групи на министерствата за изработка на предлози на закони и стратегии во 2025 година е намалено за 24,2%, споредено со 2024 година.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

| Приоритетна област 1 | Создавање на поволна средина за функционирање и развој на граѓанското општество |
|---|---|
| Општа цел | Силен граѓански сектор како основа за отчетно, транспарентно и демократско општество |

Европската Комисија во Извештајот за Северна Македонија за 2025 година нотира дека „Иако граѓанските организации во целина продолжуваат да функционираат во поволна средина, просторот за дејствување на граѓанското општество се намали ... Навременото спроведување на клучните мерки од Стратегијата е од суштинско значење, особено реформите на законодавството за здруженија и фондации, социјалното претприемништво, донациите и спонзорствата, стандардизацијата на државното финансирање, воспоставувањето гарантен фонд за кофинансирање на проекти финансирани од ЕУ и создавањето модел за структурно вклучување на граѓанското општество во пристапните преговори на земјата со ЕУ до 2026 година."

Мерки:

1.1.1. Унапредување на правната рамка за здруженија и фондации која обезбедува гаранции за остварување на правото на слобода на здружување во согласност со меѓународните стандарди, законско уредување на надлежностите и составот на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и на учеството во процесите на креирање јавни политики

Една од заложбите на Владата за поддршка на граѓанскиот сектор е преку сеопфатна дебата и во партнерски однос со граѓанските организации да се донесе нов и целисходен Закон за здруженија и фондации. Во август 2025 година, Министерството за правда го ажурираше составот на работната група за изработка на Предлог-закон за здруженија и фондации со претставници на неколку мрежи на граѓански организации. Со поддршка на проектот финансиран од Европската унија „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" се одржаа две консултативни средби со граѓански организации на тема „Вршење стопански дејности од страна на здруженија и фондации – Можности и предизвици во законското уредување" (28.11.2025) и „Стандардизирање на правилата со кои се уредува државното финансирање на граѓанските организации - Модели, предизвици, решенија и правна регулатива" (18.12.2025), а на крајот на декември текстот на предлог-законот беше објавен за консултации на ЕНЕР. Активностите продолжуваат во 2026 година, со организирање на четири јавни консултации со граѓанските организации во Гостивар, Битола, Штип и Скопје. По завршувањето на консултативниот процес и соодветно имплементирање на добиените предлози од страна на работната група, Предлог-законот ќе биде доставен на мислење до Венецијанската комисија.

1.1.2. Подобрување на правната рамка за непосредно учество на граѓаните во одлучувањето

Во рамките на оваа мерка предвидени се измени на Законот за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните, со цел воведување можност за собирање потписи со користење на информатички средства, како и воспоставување на online платформа за операционализација на можноста за собирање на потписи (е-петиција). Спроведувањето на активностите е планирано за периодот 2026-2028 година.

### 1.2.1. Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации

Со Предлог-законот за здруженија и фондации се предвидува стандардизирање на постапката, условите и критериумите за распределба на финансиската поддршка на граѓанските организации од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа. Се предлага активна улога на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество при планирање на приоритетите и висината на износите за државно финансирање на програми и проекти на граѓанските организации. Законот ги следи заложбите од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 и Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 за обезбедување буџетски средства за поддршка на граѓанските организации во вид на гарантен фонд, чија намена ќе биде финансиска поддршка на граѓански организации што аплицираат и се добитници на проекти од европски и други фондови, а за кои е потребен процент на учество, односно кофинансирање. Исто така, со предлог-законот се предвидува донесување на подзаконски акт (уредба) со кој поблиску ќе се уредат условите за распределба и користење на средствата. Овој подзаконски акт ќе го замени Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации од 2007 година. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на седницата одржана на 28.10.2025 година, формираше Работна група за трансформација на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите во хоризонтален правно обврзувачки акт.

Воспоставен е систем за следење и известување за доделената финансиска поддршка на граѓанските организации од централниот буџет и од буџетот на единиците на локалната самоуправа, преку подготовка и објавување на годишни извештаи од страна на Генералниот секретаријат на Владата-Одделение за соработка со невладини организации. Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа за 2024 година[1] е разгледан на 118.седница на Владата, одржана на 14.10.2025 година. 81.46% од доделените средства се од централниот буџет, како финансиска поддршка за 1.561 проекти/програми на здруженија и фондации, а 18.54% се од буџетот на единиците на локална самоуправа, како финансиска поддршка за 2.094 проекти/програми на здруженија и фондации. 62.36% од средствата се доделени по пат на јавен оглас, а 37.64% се доделени во постапка без јавен оглас. Финансиската поддршка на граѓанските организации од централниот буџет и буџетот на единиците на локалната самоуправа во 2024 година е зголемена за 31.28% во споредба со 2023 година. Извештајот за 2025 година е во подготовка.

### 1.2.2. Создавање на поттикнувачко правно опкружување за социјално претприемништво

Во текот на 2025 година Министерството за социјална политика, демографија и млади работеше на усогласување на текстот на Предлог-законот за социјални претпријатија, кој има за цел да овозможи правно регулирање, воспоставување, поддршка и развој на социјалните претпријатија. На 10.02.2026 година новата верзија на предлог-законот е објавена за консултации на ЕНЕР.

### 1.2.3. Подобрување на правната рамка за донации и спонзорства во јавните дејности за олеснување на донирањето кон граѓанските организации

Во Министерството за правда во тек се активности за подготовка на план и анализа за донесување на нов Закон за донации и спонзорства во јавните дејности, со цел унапредување на механизмите за даночни поттикнувања на донациите и спонзорствата на конзистентен, отворен и транспарентен начин. Нацрт-текст

[1] Извештајот е објавен на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации на следниот линк: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Izveshtaj%20za%20finansiranje %202024_0.pdf

на Предлог-закон за даночните поттикнувања за донации и спонзорства во активности од јавен интерес беше објавен на ЕНЕР на 15.01.2024 година, за консултации со засегнатите страни.

1.2.4. Промовирање и развој на волонтерството

Министерството за економија и труд го пролонгира почетокот на активностите кои се однесуваат на измена на Законот за волонтерство за третиот квартал од 2026 година. Целта на измените на овој закон е зголемување на граѓанскиот ангажман и волонтерството.

| | |
|---|---|
| Приоритетна област 2 | Зајакната соработка и партнерство меѓу граѓанските организации и јавните институции |
| Општа цел | Зајакнување на партиципативната демократија и процесот на приближување кон ЕУ преку подобрен придонес на граѓанските организации |

Европската Комисија во Извештајот за Северна Македонија за 2025 година нотира дека „Постои и натаму итна потреба да се развие доследен пристап за вклучување на граѓанските организации во креирањето политики на национално и локално ниво, како и за понатамошно градење на довербата и соработката меѓу засегнатите страни."

Мерки:

2.1.1. Унапредување на процесот на консултации и учество на граѓанските организации во креирање, спроведување, следење и оценување на јавните политики

Консултациите со засегнатите страни се неопходен и составен дел од процесот на проценка на влијанието на регулативата. Стандардите за учество на јавноста во креирањето политики се применуваат во пракса, преку придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата, учество во работните групи, како и со почитување на роковите за електронска консултација преку Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Со донесување на новиот Деловник за работа на Владата на Република Северна Македонија во декември 2024 година, рокот за доставување на мислење, забелешки и предлози од засегнатите страни на предлог-законите објавени на ЕНЕР е зголемен од 20 на 30 дена од денот на објавувањето (член 25 став 4).

Генералниот секретаријат на Владата - Одделение за соработка со невладини организации подготвува годишен Извештај за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони и стратегии, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации. Извештајот за 2024 година[2] е разгледан од Владата на 90.седница одржана на 8.7.2025 година. Според Нацрт-Извештајот за 2025 година, кој е подготвен врз основа на анализа на податоците на ЕНЕР и одговорите на Прашалникот за механизмите на консултација со граѓанските организации во 2025 година, дистрибуиран до министерствата преку членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество, од вкупно 133 предлози за закони утврдени од страна на Владата во 2025 година, 74 предлози на закони беа предмет на проценка на влијанието на регулативата. На ЕНЕР се објавени 27 предлози на закони (36,5%) што претставува зголемување за 2,5% споредено со 2024 година (34%). Вкупниот број на коментари од засегнатите страни е 199, од кои 20 коментари се од граѓански организации (10,1%). Министерствата во 2025 година формирале работни групи за изработка на 73 предлози на закони и

[2] Извештајот е објавен на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации на следниот линк: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/276

стратегии, а претставници на граѓанските организации биле вклучени во 42 работна група (57,5%), што претставува намалување за 21,8% споредено со 2024 година, кога од вкупно 29 работни групи, во 79,3% (23 работни групи) имало претставници на граѓански организации.

Граѓанските организации се консултираат при подготовката на годишната Програма за работа на Владата, согласно Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики. На 15.8.2025 година, Генералниот секретаријат на www.nvosorabotka.gov.mk објави Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2026 година. Целта на овој повик е согласно принципот на инклузивност и партиципативно планирање, граѓанскиот сектор да биде консултиран и вклучен во креирањето на политики за развој на државата. Доставени се 22 иницијативи од граѓанските организации, кои заедно со одговорите од ресорните министерства, се објавени на www.nvosorabotka.gov.mk. Во ноември 2025 година, Министерството за јавна администрација, во соработка со Генералниот секретаријат, се обрати до Одделението за поддршка на Отворено владино партнерство, со писмо за интерес за учество во Програмата Civic Space Lab Reformers' Program, со цел ревизија и усогласување на овој Кодекс со ревидираниот Кодекс на Советот на Европа за граѓанско учество во процесот на донесување одлуки (2019) и Насоките за граѓанско учество во политичкото донесување одлуки (2017).

Во Министерството за јавна администрација во тек се активности за измена на образецот на Извештај за ПВР, како и постапка за јавна набавка за одржување на ЕНЕР, по што ќе следат активности за промоција на ЕНЕР и можностите за учество на засегнатите страни во процесот на креирање на политики. Овие активности се комплементарни со активностите предвидени во Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2024-2026 што се реализираат во соработка со Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис Скопје.

### 2.1.2. Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европската интеграција

На 2.07.2025 година се одржа првиот состанок на Мониторинг комитетот за Инструментот за реформи и раст (ИРР) на кој учествуваа и претставници на граѓанските организации. На 19.05.2025 година во организација на Министерството за европски прашања и Институтот за европска политика – Скопје (ЕПИ) се одржа првиот состанок на Националниот консултативен механизам за Реформската агенда 2024-2027 (НКМ-РА), кој е национална платформа што овозможува структуриран транспарентен и инклузивен дијалог заснован врз докази помеѓу јавните институции, граѓанските организации, стопанските комори, академската заедница и други засегнати чинители, за спроведувањето и следењето на Реформската агенда во рамки на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан. Вториот состанок на Националниот консултативен механизам за Реформската агенда се одржа на 24.11.2025 година.

Во 2025 година одржани се 16 состаноци на Секторските работни групи, и тоа: 3 состаноци на Секторската работна група за локална самоуправа, по 2 состаноци одржаа Секторските работни групи за: Образование, вработување и социјална политика, Животна средина, Енергетика, Правда, Здравство и Конкурентност и иновации, а Секторската работна група за јавна администрација одржа 1 состанок. Граѓанските организации како членови на Секторските работни групи во 2025 поднесоа 7 иницијативи, од кои 2 иницијативи во Секторската работна група за конкурентност и иновации и 5 иницијативи во Секторската работна група за реформа на јавната администрација. На состанокот на Секторската работна група за правда одржан на 18.12.2025 година учествуваа претставници на граѓански организации кои дејствуваат во областа Владеење на правото.

### 2.2.1 Континуирано работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество е советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанското општество. На седницата одржана на 18.3.2025 година Владата донесе Решение за назначување членови и заменици членови на Советот, а конститутивната седница се одржа на 7.4.2025 година, со што беше прекинат тригодишниот бојкот на работата на ова советодавно тело на Владата. Во 2025 година Советот одржа 7 седници на кои беа разгледани актуелни прашања и јавни политики од значење за граѓанското општество, а материјалите по точките од дневниот ред и записниците од седниците на Советот се објавени на веб-страницата: www.nvosorabotka.gov.mk. На седницата одржана на 25.9.2025 година, Советот донесе нов Деловник за работа и Програма за работа 2025-2026, а на седницата одржана на 28.10.2025 година, Советот формираше Постојана работна група за комуникации и Постојана работна група за соработка со организации кои делуваат на локално ниво.

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, 36.14% од граѓанските организации го препознаваат Советот како релевантно тело за соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество, што претставува намалување за 35,65% споредено со 2024 година (56,16%), 42.57% од граѓански организации одговориле негативно, а останатите 21.29% се изјасниле дека немаат мислење. Граѓанските организации беа прашани и дали сметаат дека Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во 2025 година донесуваше одлуки и креираше политики базирани на консултации со граѓанските организации, при што само 22,09% одговорија потврдно, 20,89% одговорија негативно, а 57,02% немаат мислење за поставеното прашање.

Токму поради ова, дел од активностите од оваа приоритетна област се насочени кон спроведување на ефикасни методи за консултирање и информирање на граѓанските организации за работата на Советот, така што Советот да стане ефективен механизам за оформување на политиките за граѓанското општество. Преку проектот „ЕУ поддршка за Граѓанскиот ресурсен центар-фаза 2“ финансирани од Европската унија, одржани се информативни средби со граѓанските организации од Пелагонискиот регион (Битола, 29.10.2025) и Источниот регион (Делчево, 1.12.2025), на кои членовите на Советот ги информираа граѓанските организации за надлежностите на ова советодавно тело на Владата и неговата Програма за работа за 2025-2026 година. Воедно, во тек е подготовка на Комуникациска стратегија на Советот, со поддршка на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од Европската унија.

### 2.2.2 Зајакнување на институционалната рамка и практиките на соработка помеѓу Владата, органите на државната управа и граѓанските организации

Во текот на декември 2025 година, Генералниот секретаријат-Одделение за соработка со невладини организации организираше индивидуални состаноци со членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество од Министерство за јавна администрација, Министерство за локална самоуправа, Министерство за европски прашања, Министерство за економија и труд, Министерство за внатрешни работи и Министерство за здравство. Целта на состаноците беше информирање за мерките од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028 со посебен осврт на Пасошите на показатели за следење на спроведувањето на Стратегијата и нивно соодветно дополнување, како и методологијата за прибирање на податоците. Сепак, согласно резултатите од Прашалникот за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони и стратегии, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2025 година, 50% од членовите се задоволни од соработката и стекнатите знаења во Мрежата на државни службеници за соработка со

граѓанското општество, 35% се делумно задоволни и укажуваат на потребата од подобрување на транспарентноста, јакнење на капацитетите и дигитализација на соработката, а 15% немаат мислење.

Во рамките на оваа мерка, предвидено е и воспоставување на портал за соработка со граѓанското општество преку веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата www.nvosorabotka.gov.mk, која содржи информации од значење за граѓанските организации и работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Истата се ажурира на дневна основа, а во декември 2025 година поставена е платформа за следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028. Во текот на 2026 година веб-страницата ќе биде унапредена, како дел од процесот на унификација на веб-страниците на Владата и органите на државната управа.

На 26.11.2025 година, се одржа Националниот форум – Саем на граѓанските организации „Соработка на Владата и граѓанското општество" кој втора година по ред се организира во соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарската програма за поддршка на граѓанското општество Цивика мобилитас, која ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС). На настанот учествуваа 250 претставници на институциите и на граѓанските организации. Програмата вклучи дебати и дискусии на различни теми и тоа: образование и наука, социјална политика, демографија и млади, животна средина, здравство, дигитализација, добро владеење, локална самоуправа и овозможувачка околина, а во изложбениот дел се претставија 35 граѓански организации, најголем број од нив дигитално. Во рамките на Националниот форум се одржа и отворена седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на која присуствуваше генералниот секретар на Владата, а граѓанските организации имаа можност да бидат дел од дискусијата на членовите на Советот за актуелни прашања поврзани со овозможувачката средина за граѓанските организации (Законот за здруженија и фондации, државното финансирање на граѓанските организации, користењето на Единствениот национален електронски регистар на прописи ЕНЕР и др.).

### 2.2.3 Зголемено учество на граѓанските организации во давање услуги за потребите на заедницата

Во системот на социјалната заштита е воспоставена мрежа на 164 лиценцирани даватели на социјални услуги во над 40 општини. Во 2025 година преку Третиот јавен повик беа склучени 26 договори, со што се обезбедува континуитет во поддршката за развој и унапредување на квалитетни социјални услуги на локално ниво. Според видот на услугите, склучени се 9 договори за обезбедување на услуга помош и нега во домот, 4 договори за дневни центри за лица со попреченост и 13 договори за центар за дневен престој за стари лица со активно стареење. Во текот на 2026 година е предвидено услугите да бидат лиценцирани и да се започне со нивната испорака.

На 4.11.2025 година се одржа 4-та Конференција за мировно образование, во организација на Министерството за образование и наука и Првата детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија. Мировното образование се спроведува од 2011 година и се опфатени над 70 училишта, а повеќе од 300 наставници се обучени да ги предаваат наставните модули предложени од Меѓаши и одобрени од Бирото за развој на образованието.

Во врска со воспоставувањето на функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации, подготвени се критериуми за избор на граѓанските организации кои се имплементатори на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во согласност со препораките од извештајот на Државниот завод ревизија.

## 4. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА СО ПРЕПОРАКИ

4.1. Воспоставување на гарантен фонд за финансиска поддршка на граѓански организации што аплицираат и се добитници на проекти од европски и други фондови, за кои е потребен процент на учество односно кофинансирање

Според оценка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, издвоените средства од Буџетот на Република Северна Македонија за финансиска поддршка на здруженија и фондации не се соодветни на потребите на граѓанските организации и сеуште недостасува механизам за транспарентно и отчетно државно финансирање.

Расходите во Буџетот на Република Северна Македонија се планираат врз база на: проекција на приходите со планираните движења во економијата, обезбедување на фискална консолидација, економско заздравување и забрзан раст, редовно и непречено извршување на сите законските обврски, спроведување на дисциплинирана буџетска политика и зајакната контрола на јавните трошења. Од тие причини, Министерството за финансии укажува дека висината на уделот на државното финансирање на граѓанските организации од централниот буџет и од буџетите на единиците на локалната самоуправа ќе биде во согласност со реалните можности на Буџетот на Република Северна Македонија.

Со Предлог-законот за здруженија и фондации, објавен за консултации на ЕНЕР на 31.12.2025 година, се предвидува стандардизирање на постапката, условите и критериумите за распределба на финансиската поддршка на граѓанските организации од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа. Законот ги следи заложбите од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 за обезбедување буџетски средства за поддршка на граѓанските организации во вид на гарантен фонд, чија намена ќе биде финансиска поддршка на граѓански организации што аплицираат и се добитници на проекти од европски и други фондови, како што се ИПА фондовите, Хоризонт Европа, Клајмет Кик, ИнвестЕУ, Дигитал Европа и други, а за кои е потребен процент на учество, односно кофинансирање. По завршување на консултативниот процес, предлог-законот ќе биде доставен на мислење до Венецијанската комисија.

4.2. Недоволна информираност на граѓанските организации за работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

Според анкетата за мерење на вредноста на индикаторите од Акцискиот план на Стратегијата, само 36.14% од граѓанските организации го препознаваат Советот како релевантно тело за соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество и само 22,09% сметаат дека Советот во 2025 година донесуваше одлуки и креираше политики базирани на консултации со граѓанските организации, што упатува на потребата за организирање на повеќе промотивни активности во текот на 2026 година.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество е највисоко ниво на учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики - партнерство меѓу Владата и граѓанските организации, а континуираното работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет е од клучно значење за спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028. Во оваа насока, со поддршка на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" во тек е подготовка на Комуникациска стратегија на Советот, која ќе се разгледува на работилница за членовите на Советот планирана за март 2026 година.

## 5. ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Составен дел на овој Извештај е Табеларен преглед со оценка на степенот на спроведување на мерките и активностите (Прилог 1).